СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ,
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

# РАСТ



25

2022

# РАСТ

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Број 25

# Р А С Т

**Списание за книжевност, уметност и култура**

**Издавач:**
Друштво на писатели „Битолски книжевен круг" – Битола

**За издавачот**
Елизабета Јончиќ, претседател

**Редакција:**
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен и одговорен уредник
Елизабета Јончиќ, уредник
Милица Димитријовска-Радевска, уредник

*Мислењата што се изразени во „Раст" им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата, на Битолскиот книжевен круг - Битола и Министерството за култура на РСМ.*

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008
Година 21, Број 25
Битола, мај 2022 г.

www.bkk-pisateli.mk
rastbkk@gmail.com

Списанието „Раст" излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Северна Македонија

## Содржина

ПРЕДГОВОР ....5

### ПОЕЗИЈА

Снежана СТОЈЧЕВСКА ....9
Патување низ света ....9
Михајло СВИДЕРСКИ ....13
Ноќ ....13
Славица ГАЦОВА СВИДЕРСКА ....15
Тела во просторот ....15
Стефан МАРКОВСКИ ....18
Од поемата „Алгоритмеа: Евлогија за дигиталните богови“ (Полица, 2022) ....18
Митко МИСОСКИ ....22
Стаклени сенки ....22
Силвана НЕШКОВСКА ....25
Збогување со учителот ....25
Никола ИЛИЈОВСКИ ....29
Од циклусот „Од нула до кула“ ....29
Билјана Т. ДИМКО ....32
Учител ....32
Милица ДИМИТРИЈОВСКА РАДЕВСКА ....34
Кратка меморија ....34
Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА ....37
Избркани прашалници ....37

### ПРОЗА

Томислав ОСМАНЛИ ....43
Малиот Немо во мундирот на Корто ....43
Петре ДИМОВСКИ ....56
По беспатјето ....56
Елизабета БАКОВСКА ....61
Шалот ....61

### ДРАМА

Борче ПАНОВ ....65
Поделен од сопствениот нос ....65

## СОГЛЕДБИ

Васил ТОЦИНОВСКИ ........ 83
Нејзиното височество љубовта ........ 83
Гордана СТОЈАНОСКА ........ 87
Портокалот – човече, животинките и розовите соништа на малата Деницијa........ 87
Златко ЖОГЛЕВ ........ 91
Македонската народна традиција во поезијата на Блаже Конески и Раде Силјан ........ 91
Јованка ДЕНКОВА ........ 103
„Црната птица“ - симбол на надежта и љубовта кон животот и живеењето ........ 103
Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА ........ 118
На трасата на постојбата и посакуваната биднина – треба да е лесно ........ 118
Елизабета ЈОНЧИЌ ........ 120
Психосоцијална комуникација на бројката ........ 120
Ирена ПАВЛОВА ДЕ ОДОРИКО ........ 122
За саботерскиот хедонизам и големото проштевање ........ 122
Мирјана СТОЈАНОВСКА ........ 124
Грандиозното дело на Блаже Конески ........ 124
Бобан РИСТЕВСКИ ........ 127
Отсјајот на една вонвременска геометрија (Кон збирката со поезија Континуум од Весна Мундишевска-Велјановска; Битола: Нов Вавилон; 2020) ........ 127

## КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Ивица ЧЕЛИКОВИЌ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ШВЕДСКА (Ivica CHELIKOVIKJ, NORTH MACEDONIA-SWEDEN) ........ 131
Пред нас ........ 131
Душко НОВАКОВИЌ, СРБИЈА (Dushko NOVAKOVIKJ, SERBIA) ........ 134
Врбување ........ 134
Виктор РАДУН ТЕОН, СРБИЈА (Viktor RADUN TEON, SERBIA) ........ 137
Протекнување (циклус) ........ 137
Дарија ЖИЛИЌ, ХРВАТСКА (Daria ZHILIKJ, CROATIA) ........ 139
Здив ........ 139
Алеш МУСТАР, СЛОВЕНИЈА (Alesh MUSTAR, SLOVENIA) ........ 141
Да проговориме ........ 141
Клаудија ПИЧИНО, ИТАЛИЈА (Claudia PICCINO, ITALY) ........ 143
Сонцето во огледалото ........ 143

Јованка ДЕНКОВА

УДК 821.163.41-93-31.09

# „Црната птица“ - симбол на надежта и љубовта кон животот и живеењето

Литературата за млади, сама по себе, е прилично нов жанр. Следствено, подемот на хорор литературата за младите е уште понов. Всушност, дури во доцните 80-ти години од минатиот век, хорор книгите почнаа да се појавуваат нашироко. Ова зголемување се совпадна со враќање на одредени жанрови на фикција, како што е романса, во секторот за млади возрасни[1]. Во адолесцентната фантастична книжевност, жанровите кои го карактеризираат паранормалното се приказните за духови, фантазијата и хоророт, иако во доцниот дваесетти век границите помеѓу овие жанрови и меѓу нив и реалистичната фикција станаа потечни, а наративите похибридни.[2] Преку овие жанрови, авторите ја воведоа и темата на смртта во детската литература, за која во почетокот постоеле контроверзни мислења. Имено, додека едни автори ѝ посакале добредојде, други биле, па и денес се поскептични, несигурни дали оваа тема припаѓа на детската книжевност, но сепак, со увереност дека ваквиот тип на приказни можат да го научат детето на некои животни вистини. Постоеле и такви автори кои свесно ја избегнувале оваа тема, сметајќи дека на темата на смртта не ѝ е местото во книжевноста за деца и инсистирале дека задача на родителите е да го запознаат детето со неа.[3]

„Црната птица“[4] е дебитантски роман на младата авторка од Врање, Р.Србија - Александра Јовановиќ[5], студентка по драматургија во Белград, во издание на Креативниот центар, а насловната страница на книгата ја изработил Боб Живковиќ.

[1] Cart, M. (2001). From insider to outsider: The evolution of young adult literature. Voices from the Middle, 9(2), 95-97. (преземено од Rise of the Ghosts: A History of YA Horror Literature, By: Gabrielle Steffler, https://dalspace.library.dal.ca/bitstream/handle/10222/79217/YAhotline_98_4.pdf?sequence=1 , 09.03.2022

[2] John Stephens and Robyn McCallum, There Are Worse Things Than Ghosts: Reworking Horror Chronotopes in Australian Children’s Fiction, Book: Mystery in Children's Literature, 2001, https://www.researchgate.net/publication/305232186, 10.03.2022.

[3] Carol Romero, Children, Death and Literature, Language Arts, Vol. 53, No. 6 (September 1976), pp. 674-678. https://www.jstor.org/stable/41404238, 12.03.2022

[4] Романот за деца „Црната птица“ од Александра Јовановиќ се најде на престижната книжевна листа „The White Ravens“, https://blog.literatura.mk/2021/10/13/crnata-ptica-na-listata-na-the-white-ravens-2021/, 07.03.2022

[5] Александра Јовановиќ е родена 1996 година во Врање, Р. Србија. По завршување на гимназијата„Бора Станковиќ“, таа се запишува на Факултетот за драмски уметности во Белград, отсек Драматургија, каде што дипломирала во септември 2019. Магистрирала на Факултетот за драмски уметности, на насока Драматургија. Некои од нејзините песни беа објавени во збирките во 2019 „Кипријанов кладенац“. Во зборникот од 2020 година, излезе расказот „Туѓи“, а истата година во издание на Креативен центар излезе и нејзиниот роман за деца „Црната птица“. Таа денес е докторант на Драматургија при Факултетот за драмски уметности во Белград, а неодамна ја доби на наградата Јанг Дис за нејзиното поетско творештво. „Црната птица“ е нејзинот прв роман.Таа иако е позитивна и динамична девојка, полна со живот ,ведрина и љубопитство напишала многу сериозна приказна опфаќи тешка тема – загуба на родителот.

Самиот тој факт кажува нешто за квалитетот, бидејќи Креативниот центар има многу високи критериуми за поддршка на домашен (српски) дебитантски роман за деца. Александра ја добила таа поддршка и не ја изневерила. Мотивот на тагата на ќерката за починатиот татко, кој бил уметничка душа, потсетува на ситуацијата од прекрасниот роман на Весна Алексиќ „Ловец на глуварчиња“, но овој автор му пристапил од поинаков агол.

Инаку, композицијата на романот е изградена низ 24 глави, во кои главен наратор е малата дванаесетгодишната Желба, која го загубила татка си во сообраќајна несреќа. Трагичниот настан се случил шест месеци пред почетокот на дејството на романот. Нејзината мајка Наташа се обидува да го стабилизира животот по таа трагедија и да продолжи понатаму со детето за кое сега треба сама да се грижи. На помош е дојдена нејзината сестра Марија, тетка на Желба, чие присуство Желба го чувствува како товар. Романот започнува со една фантастично мрачна сцена, сцената на сонот на Желба во кој како фон се слуша грозоморното чкрипење на рингишпилот: „Се спуштила магла, чудна и по малку страшна. Кога би можела да погодува, би рекла дека се наоѓа на гробишта. Во последните шест месеци речиси секој ден е таму“ (7)[6]. Желба чувствува дека е многу неправедно што не може да го прегрне својот обожаван татко барем уште еднаш, па упорно се обидува да најде начин да го направи тоа. Деновите ги поминува на гробиштата, всушност не пропушта ни ден да не помине од таму, особено зашто гробиштата ѝ се попат или: „...првото нешто што треба да се мине се гробиштата, малку потаму од нејзината куќа. Попрецизно, шестотини дваесет и еден чекор подалеку“ (15). Постои општа согласност дека постои одреден сет на емоции кои имаат тенденција да се појават кај деца кои доживуваат смрт на еден од нивните родители. Овие реакции вклучуваат несвесно, а понекогаш и свесно негирање на реалноста на смртта на родителот; еден скрининг на сите афективни реакции поврзани со смртта на родителот укажуваат на значително зголемување на идентификацијата и идеализацијата на мртвиот родител; намалување на самодовербата; чувство на вина; и постојани несвесни фантазии за постојана врска или повторно обединување со мртвиот родител. Овие одговори се смета дека укажуваат на избегнување на прифаќањето на смртта на родителот и потребата да се направи радикална реорганизација во особините кои му се даваат на посакуваниот предмет.[7]

Во сонот, Желба слуша непознат детски глас кој ја довикува, а огромната желба по татко ѝ, ја наведува на помислата дека тој е со неа: „Меѓу металните прачки здогледува темна силуета. Знае дека не е можно, дека тој не може да биде таа сенка што стои зад рингишпилот...Зошто сенката не се поместува? –Тато, ти ли си?“ (8). Во оваа воведна глава, авторката ни ја поставува сцената со некои од елементите кои ќе го водат дејството понатаму. Тука е звукот на лаежот на непознатото куче, кое подоцна Желба навистина го пронаоѓа како „жител“ на гробиштата и ќе го нарече Жиле, а овде е е и белата хризантема, цвеќе кое се поврзува со мртвите.

Всушност, низ целиот роман се варира опозицијата: овде-онде/ваму-таму. Просторот овде/ваму е дефиниран како реалноста (светот на живите) во која живее Желба, со мајка си Наташа и тетката Марија, со најдобриот другар од раѓање – Лука, со просторот на училиштето, во кој Желба на сите им изгледа туѓа зашто се затвора во својот свет на тагата. Како реалистични одредници можат да се посочат и кучето Жиле кое Желба го сретнува при една од нејзините секојдневни посети на гробиштата, самата посета на татковиот гроб, средбата со Миќо – човекот кој е задолжен за грижа околу

---

[6] Александра Јовановиќ, Црната птица, Арс Ламина – публикации, Либи, Скопје, 2021.
[7] Menes, J., Children's Reactions to the Death of a Parent: A Review of the Psychoanalytic Literature. Journal of the American Psychoanalytic Association,19(1971):697-719, преземено од https://pep-web.org/browse/document/apa.019.0697a?page=P0714, 06.02.2022

гробовите, прославата на дванаесеттиот роденден на Желба кој се наближува... Впрочем, романот и започнува непосредно пред прославата на роденденот на Желба, за кој таа нема намера да ги подели поканите кои мајка ѝ ги подготвила за соучениците: „Мама мисли дека треба да слави роденден, да се радува и да дува свеќички. Само што не разбрала дека нејзе не ѝ се слави без тато. И никој не може да ја натера“ (11); „Не сакам да славам без тато! И да знаеш, никој нема да дојде, затоа што никого не поканив!“ (27). Климан вели дека вината, лутината и анксиозноста се дел од тагувањето, затоа што децата честопати чувствуваат голема вина и замислуваат дека можеби тие на некој начин се одговорни за смртта на блиската личност.[8]

Друг реален простор (овде) е таванот од куќата, местото каде татко ѝ често престојувал, но сега е претрупан со кутиите на тетка ѝ Марија: „Не ѝ беше јасно зошто тетка ѝ сè уште е тука. Дојде по несреќата за да им се најде, и сега никако да си замине. Можеби би можела да ја убеди дека куќата е опседната од дух. Тоа би ја избезумило“ (13); „Тие кутии ѝ создаваа огромен проблем, поголем дури и од присуството на тетка ѝ. ...Велеше, нека стојат горе, никому не пречат. Е па, пречеа. Затоа што таванот беше посебно место на тато, а сега нејзино. Таму тој седеше и свиреше со часови. А таа слушаше“ (20). На тој простор, Желба се чувствува најблиску до татка си, па затоа и постојано се обидува да свири на неговата виолина, иако безуспешно.

Овој роман многу успешно проговорува за една многу важна тема, за тагувањето кај децата и младите, а особено за релацијата деца-возрасни во тажни ситуации. Возрасните некако како да антиципираат дека децата не ги познаваат добро работите, или дека можеби нивната тага не е со толку големи димензии како онаа на возрасните. И во овој роман ја согледуваме таа дистанца меѓу децата и возрасните во односот меѓу Желба и нејзината мајка. За овој однос многу дознаваме од самата Желба, но и од зборовите на тетка ѝ: „Во суштина, мама беше иста, само што... Некогаш работеше во две смени. Некогаш работеше и во сабота. Некогаш не ја гледаше цел ден. А со неа зборуваше само околу нешта како што се ручек, појадок, вечера, спиење, дали ѝ е студено или топло и што треба да облече“ (20). Во домот, мајката и Желба ја губат комуникацијата, а драмата ја засилува присуството на тетката на Желба, сестра на мајката, која по несреќата дошла кај нив за да им биде при рака, но никогаш не заминала. Тој надворешен свет навистина не покажува интерес да го сподели копнежот на Желба за уште една средба со нејзиниот татко, а тој копнеж е длабок и многу проактивен. Во овој роман, Александра Јовановиќ ја сече детската тага на различни нивоа, сè до најмрачното - откажување од животот. „Црната птица“ е емотивна приказна која ќе им се допадне на сите љубители на финиот паметен хорор и нежниот психотрилер.[9] Факт е дека смртта не може да се сокрие од децата. Родителот кој се обидува да го заштити детето од искуството на смртта, додава само збунетост и анксиозност во и онака тешкиот свет. Кога во семејството има починато лице, чувствата на возрасните членови на семејството се пренесуваат и врз децата на многу невербални начини, како што е експресијата на лицето, тонот на гласот, држењето на телото и сл.[10] Во текстот на Јовановиќ, ја гледаме мајката на Желба-Наташа, како преокупирана со работа, за да ја совлада и својата тага, се оддава на работата и како да заборава на тагата на Желба. Наташа се обидува да се однесува како и порано во секојдневниот живот, но нејзината грижа за Желба се сведува само на задоволување на нејзините егзистенцијални потреби,

[8] Kliman, G. Psychological emergencies of childhood, Greene and Stratton, New York, 1968.

[9] http://knjigoskop.com/crna-ptica/

[10] Vidal S. Clay, Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3 (January 1976), pp. 175-184, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022

а изостанува комуникацијата, споделувањето на чувства за преживеаната трагедија, и разговор за надминување на тагата. Студиите на детските психолози Дајан Бекер и Фејт Марголин откриваат како преживеаните родители често се обидуваат да им помогнат на своите деца да се прилагодат на загубата на другиот родител со тоа што не ја споделуваат со нив реалноста на смртта. Додека сите родители во овие студии ги поврзуваат своите чувства на болка и загуба со своите врсници, таквите чувства ги сокриваат од нивните деца, што води кон негирање на реалноста/смртта и кај децата. [11]

Желба одбива да ја прифати реалноста во која го нема татко ѝ, па несвесно е привлечена кон местото на неговото вечно почивалиште каде разговара со него и копнее по него. Навистина е трогателна роденденската желба на Желба: „Сака да го види тато. Уште еднаш, макар на кратко. Само да го прегрне или да го праша нешто. Само едно прашање“ (33). Во едно атмосфера на „лажна веселост“ околу нејзиниот овогодишен роденден, за Желба е неподносливо седењето дома, па оттука нејзиното зачестено присуство на гробиштата. Таму, на почетокот ја придружува нејзиниот најверен другар Лука, кој му припаѓа на овој реален свет, и кој е свесен за тагата на Желба, но истовремено и се обидува да ѝ помогне: „Знам дека си тажна. Сите знаат. И тоа е нормално, навистина. Можеби и треба да бидеш тажна, уште некое време. Но, не можеш да се криеш меѓу спомениците. Не е здраво“ (59). Како подарок за роденден, Лука ќе ѝ дарува црвена плетена белезица која станува важен реалистичен реквизит во подоцнежниот дел од дејството: „Во неговата отворена дланка имаше црвена плетена белезица, слична на оние против уроци. Имаше слушнато дека бабите носат такви, за да се заштитат од црна магија. Веруваше во клетви и дека постојат луѓе кои им посакуваат лошо на другите, но не и дека едно парче конец ќе ја заштити. Сепак, мораше да признае дека белезицата беше прекрасна“ (14).

Желба постојано се навраќа на минатото во кое се присутни спомените на таткото: „На нејзиниот претходен роденден сѐ беше целосно различно. Многу деца, смеа, голема овошна торта, тато свиреше виолина и раскажуваше страшни приказни“ (11). Тој е присутен и во нејзините соништа, се сеќава на танцувањето на родителите среде собата, на неговото свирење на виолината, а особено на приказната за малата црна птица. Иако делува застрашувачки, од оваа приказна израснува ликот и симболиката на црната птица:

„- Каква е таа птица, тато ?

Тато се насмевна.

- Малата црна птица сакаше да го допре небото. Но, никој не веруваше дека тоа е возможно. Другите птици ѝ се смееја,бидејќи ниедна птица не леташе толку високо. Но, малата птица не ги послуша.

- И? успеа ли ?

- А што мислиш ти Желбо?

Ја зеде виолината и засвири.“ (28)

Дел од тој реален свет е и кучето Жиле, чие присуство е најавено уште во првата глава, кога Желба во сонот слуша кучешки лаеж. Подоцна, и ќе го нацрта кучето кое никогаш вистински не го видела, а кога ќе го сретне на гробиштата, веднаш го препознава, го носи дома и Жиле станува нејзин верен придружник. А на гробиштата, има уште еден жител, морничавиот Миќо, кој се грижи за одржување на гробиштата. Миќо како постојано да ја следи Желба, а всушност внимава на неа, па како и Лука, и тој ја советува: „Имам еден совет за тебе...Кажи ми, дали мислиш дека ќе се промени нешто ако доаѓаш тука секој ден? ...Во оваа доба можеш да го сретнеш само ѓаволот“

---

[11] Sasser, T.M., Advent of Denial of Death in Children's Literature, Georgia Southern University. Electronic Theses & Dissertations.2018, Paper 166. http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd , 07.02.2022

(36); „Пак ќе кажам, ова место некогаш влијае врз нас на начин на кој не би требало да влијае...Немој да дозволиш да те обземе...Запамети, духовите се моќни онолку колку што ќе им дозволиме“ (80-81).

Другиот свет е оноземскиот свет (светот на мртвите), свет кој егзистира на гробиштата и се појавува заедно со појавата на момчето-дух по име Вук. Таму и Желба го запознава осаменото момче Вук, поточно дете-дух кое по својата смрт не продолжило кон светлината, кон другиот свет. Еве како е предаден неговиот портрет: „Пред неа стои момче, со бело лице и темен поглед... Гласот му беше некако мек и топол. Го погледна од глава до петиц. Беше на нејзина возраст, можеби постар една година. Најчудно на него беше облеката. Маица со кратки ракави во избледено жолта боја, со ликот на којотот, и летни бежови бермуди“ (39, 43). Така, тој сè уште се движи на границата на светот меѓу живите и мртвите. Единственото место на кое егзистира овој ентитет се гробиштата. Желба е необично привлечена од гласот на Вук, кој ја повикува на дружба, особено зашто и самата го отвора преминот кон онеземскиот живот, со помош на хризантемите: „Поради некоја причина, гласот не ѝ звучеше страшно, затоа што беше детски. А веројатно нема да се плаши од некој на нејзина возраст...Гласот стана нежен, речиси галовен“ (22). Вук (иако само како нејасно да ѝ наговестува) ѝ ветува на Желба дека ќе ѝ дозволи да се сретне со нејзиниот татко во светот на гробиштата, меѓу живите и мртвите, само ако таа се согласи да биде негово друштво онолку долго колку што му треба. Желба очајно посакува да го види татка си - и без да забележи сè почесто заминува на гробиштата, на дружба со Вук во неговиот свет.

Наскоро забележува дека во светот на Вук секогаш има топло лето, за разлика од ледената, дождлива и мрачна зима која моментално владее со нејзиниот свет. Неговиот свет е опасно привлечен, и секогаш убав и забавен, со многу вкусни работи кои Вук ги создава одненадеж и од никаде. И овој задгробен, свет има свои одредници или застрашувачки сигнали кои најавуваат непријатни работи и создаваат една морничава атмосфера: мртви хризантеми, завивањето на кучето Жиле, чкрипењето на рингишпилот –убиец на кој загинал Вук, итн. Од средбите на Желба и Вук дознаваме дека Вук не само што опсесивно настојува да ја привлече Желба во својот свет, туку настојува и да ја задржи таму засекогаш, обидувајќи се да ја усмрти на истиот рингишпил на кој тој загинал пред пет години: „Беше крај на летото. Прекрасен ден, совршен за во луна-парк. Знаеш, тие доаѓаат само на две недели. Знам дека стоев пред него барем еден часи и чекав. Собирав храброст. Никој од моите другари не смееше да се врти....Мислев дека тоа е најубавото чувство на светот. Како да леташ. Не ни забележав дека паднал мрак. А потоа, тој чкрипеж. И сега можам да го слушнам. Веројатно се имаше откачено некој шраф“ (64-65). На овој начин, младите читатели можат да го доживеат Вук како мрачен, негативен лик кој е опасност по животот на Желба, но истовремено тој е и трагичен лик, кој е врзан за овој свет, и многу осамен по смртта: „Се разбудив тука, сам. И тогаш ја здогледав таа чудна светлина и очите ме здоболеа. Требаше да поминам низ неа, да продолжам понатаму. Но, не сакав...Страшно е, не знаеш колку е страшно“ (65).

Колку почесто Желба престојува во светот на Вук, таа сè повеќе губи интерес за реалниот свет: се оддалечува од Лука, а откако му ја дава црвената белезица (подарок од Лука) на Вук, таа сосема го заборава Лука. Љубомората на Вук доаѓа во конфликт со кучето на Желба, Жиле, и додека трае ветениот обид да се сретне со нејзиниот татко, Вук врши притисок врз неа да се отуѓи од нејзиниот најдобар земен пријател Лука: „Вук ја загледа в очи и Лука одеднаш исчезна од нејзината глава“ (56); губи интерес за училиштето, за мајка си; се забавува во паркот каде јади слатки работи кои многу ѝ се вкусни, а наспроти тоа, кога се враќа дома, во реалниот свет сета храна ѝ е одвратна и постојано е уморна. Едноставно, како Вук да ѝ ја црпи животната енергија: „Седна и ја

помириса кајганата. Беше изморена. И тоа беше чудно. До пред една минута умираше од глад. Ја забоде виљушката во чинијата и се слушна грозен чкрипеж“ (57); „Лука се пикна под чадорот. Таа зеде две бонбони и ги гризна. Бонбоните имаа вкус на картон“ (58); „Погледна во својата чинија со едвај допрената пирошка. Повторно ѝ беше гадно, како да ѝ станало нејадливо сè од овој свет. Нормалниот свет“ (76) и др.

Потоа, ваква хорор одредница, е и промената на бојата на очите која Желба ќе ја забележи кај Вук со што тој како да ја хипнотизира: „На Вук *како да* му помина некаква сенка преку очите“ (50); „*Ѝ се причини* дека очите му светкаат, но само за момент“ (55) Синтагмите „како да“, „ѝ се причини“ и слични на нив, укажуваат на постоење на нерешителноста како главен услов за фантастиката, односно како едно средишно милје меѓу чудното и чудесното.[12] На повеќе места во текстот се присутни тие фантастични елементи, кога главната хероина не е сигурна дали околу неа се појавуваат необични настани, дека има некој на прозорецот, или дека има некој на улицата, особено откако го ослободува/отвора преминот од оној свет: кинењето на хризантеми од гробиштата кои ги носи во својот дом, наспроти предупредувањето на Миќо: „Хризантемите, особено белите, се цвеќиња на мртвите, затоа вообичаено се садат тука“ (36); „Набра еден цвет, само еден. Зад оградата, Жиле гласно залаја. Ја фати паника. Што ако слушне Миќо? – Мирен, Жиле, тоа е само ветер...Кога Желба збриша оттаму и задишана тргна накај дома со Жиле, темна сенка премина преку хризантемите“ (38).

Наскоро, со настојувањето на Желба што поскоро да го види татка си, почнуваат да се појавуваат првите пукнатини во имагинарниот свет со кој Вук сака да ја намами Желба. Првичните индиции кои ѝ го привлекуваат вниманието на Желба се: постојаната нетрпеливост на кучето Жиле кон Вук, чија средба секогаш е придружена со ржење и лаење, со што се потврдува верувањето дека животните гледаат и чувствуваат работи кои ние, луѓето не ги знаеме: „Освен што имаат посилно сетило за мирис, кучињата гледаат и слушаат многу подобро од луѓето. Којзнае, можеби се обидува да те заштити. Размисли за тоа“ (37). И навистина, при секоја средба со Вук, Жиле реагира на скоро идентичен начин: „Жиле тивко за'ржи“ (43); „Жиле стоеше зад неа и немаше намера да пријде. Не само тоа туку испушташе и чуден звук, нешто како тивко 'ржење“ (44); „Жиле за'ржа страшно“ (45); „Вук се насмевна така што му се покажаа сите заби. Кога го забележа Жиле, се намурти. И Жиле, исто така, го изрази своето незадоволство, 'ржејќи“ (49); „некаде во далечината се слушаше слаб кучешки лаеж. Слаб, но јасен.“ (64), итн. Всушност, Жиле со своето лаење кое се слуша дури и во задгробниот свет, во светот на мртвите, како да претставува ѕвезда-водилка на Желба и благодарение на звукот на неговото лаење, таа го наоѓа патот и спасот за надвор. Друга индиција што ќе ѝ го засили вниманието е барањето на Вук засекогаш да остане во неговиот свет. Откако ќе се обиде да ја убеди со измама дека таа прекрасно свири виолина, кај неа се раѓа сомнеж: „Тато секогаш ми зборуваше дека за виолина е потребно огромно трпение. Години и години свирење“ (91), особено кога ќе се увери дека тој наизуст ја знае целата песна за црната птица која била заедничка само за неа и татко ѝ: „Ја знаеше целата песна напамет. А ја знаевме само јас и тато“ (91). Во главата „Последното возење“ момчето-дух Вук, насила се обидува да ја задржи Желба во својот свет, со нејзино усмртување на фаталниот рингишпил. Во тој миг почнуваат да дејствуваат сите одредници и од реалниот и од онострaниот свет, почнувајќи со кучешкиот лаеж кој го слуша Желба и го следи за да излезе од забавниот парк-лавиринт: „Вук ја погледна остро и таа забележа како му се менуваат очите. Како стануваат целосно црни. Тоа ја исплаши. Лицето му беше мртовечки бело...Конечно сфати. Вук беше тој од кого требаше да се плаши...Чувствуваше замор. Веќе се измори. Сакаше да застане и да се одмори, но тогаш

[12] Cvetan Todorov, Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd, 1987.

го слушна познатиот лаеж. Почна да трча во насока од каде доаѓаше лаењето“ (95-96). И, додека Вук со сила ја качува во корпата на рингишпилот за и таа да ја доживее неговата смрт, Желба сфаќа дека убавината е во животот и живеењето на сите негови подеми и падови: „Сега го знаеше тоа. Добро, лошо, радост, страв, тага, сè. И покрај тоа што се случи со тато. Колку и да беше тажна и беспомошна, сакаше да остане во својот свет“ (99). И во тие моменти, пред очи ѝ проблеснува црвената белезица од Лука, но на раката на Вук: „Одеднаш се сети на Лука, вистинскиот пријател кој секогаш беше тука, дури и кога самата го отфрли...Сакаше да ја искине. Вук не смееше да ја носи. Тоа беше нејзин подарок...Одеднаш, во неа се пробуди сила, ја чувствуваше како надоаѓа. Го турна Вук од корпата“ (99). Борбата на Желба и Вук, претставена како борба на доброто и злото, мора да заврши со конечно истребување и неутрализација на истото и во таа финална борба, како помошник на Желба ќе се јави гласот на нејзиниот починат татко: „Желбо, најди хризантеми....Искорни ги хризантемите! Искорни ги сите! Само така ќе можеш да го спречиш!“ (99-100). Откако е уништен преминот меѓу двата света, и покрај сè, Желба му помага на Вук да го пронајде својот пат кон вечноста: „Понекогаш само треба да престанеш да бегаш. Тогаш сфаќаш дека она од што си бегал не е толку страшно. Јас сум покрај тебе, не грижи се“ (102).

Уредничката на книгата, воедно и автор на поговорот, Оливера Ќорвезировска, го објаснува насловот на романот[13]. Насловот на романот – „Црната птица“, иако можеби на прв впечаток асоцира на несреќа, во суштината е одлично извлечен од самата приказна, каде што црната птица е еден вид лик, лик во ликот, книжевен „жител“ во песната на таткото на Желба и, сосем спротивно од првиот впечаток, симболизира надеж и истрајност. Верба. Починатиот татко на главниот лик, девојчето Желба, чиешто име е необично и менливо/преводливо од јазик во јазик, е клучниот лик во овој роман… Целта на овој роман е да не нè залажува дека сè ќе биде исто, оти тоа е неможно, туку да покаже дека и најстрашните загуби што се ненадоместливи, можат да бидат премостени. Крајот на романот не е и не може да биде класичен „хепиенд“, зашто загубата на татко никогаш не се надоместува, ниту, пак, се заборава. А сепак е оптимистичен, разумно среќен, зашто болката успева да се премости, со помош на пријателството…

Постојат различни ефективни жанровски техники во форма на ситуација за предизвикување на хорор позадина. Очигледен е длабоко „осцилирачкиот“ карактер на стравот: „студенило“, „треперење“, „нозете ѝ се тресеа“, „вресок“, „чкрипеж“, „чукање на срцето“, „морници ја полазија“, „стоеше вкочанета„, „почувствува како стравот ѝ се шири низ целото тело, од стапалата кон грлото“ и така натаму; многу изрази, поврзани со страв, како и соодветните телесни манифестации на страв, имплицираат осцилирачки движења. Исто така, застрашувачката фикција, а особено приказните за духови, опфаќаат различни наративни ритми на напнатост и релаксација. Вообичаено е жанровската драматургија да осцилира помеѓу половите како што се познатото и непознатото, безбедноста и опасноста, природното и натприродното, минатото и сегашноста, животот и смртта - секој поврзан со различни интензивни емоции. [14]

„Црната птица“ е емотивна драма со многу хорор елементи кои го следат предизвиците на растењето и созревањето на главната хероина –Желба, зашто по заминувањето на Вук, следува повторното приближување на Желба со мајка ѝ и Лука. Најголема улога во тоа има и последниот сон во кој ѝ се јавува татко ѝ со последната порака за неа: „Ти и мама морате да продолжите без мене и тоа не е фер... И двајцата го

---

[13] Оливера Ќорвезировска, Поговор „Многуте лица на детската болка“, Црната птица, Арс Ламина – публикации, Либи, Скопје, 2021, стр.113-116.

[14] Dominik Becher, Neil Gaiman’s Ghost Children, In: Ghosts –or the (Nearly) Invisible Spectral Phenomena in Literature and the Media (Eds: Maria Fleischhack / Elmar Schenkel), Vol.9, Peter Lang Edition, New York, 2016. https://library.oapen.org/bitstream/id/0080af33-bf9d-45da-9e58-27ff372cb8dd/650060.pdf, 09.03.2022

знаеја тоа. Смртта никогаш не е фер и тие што останувaат мораат да прифатат и да продолжат понатаму...Но, знам дека ти можеш...Похрабра си одошто мислиш“ (109).

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Becher, D. (2016). Neil Gaiman’s Ghost Children, In: Ghosts –or the (Nearly) Invisible Spectral Phenomena in Literature and the Media (Eds: Maria Fleischhack / Elmar Schenkel), Vol.9, Peter Lang Edition, New York. https://library.oapen.org/bitstream/id/0080af33-bf9d-45da-9e58-27ff372cb8dd/650060.pdf, 09.03.2022
2. Cart, M. (2001). From insider to outsider: The evolution of young adult literature. Voices from the Middle, 9 (2), 95-97. (преземено од Rise of the Ghosts: A History of YA Horror Literature, By: Gabrielle Steffler, https://dalspace.library.dal.ca/bitstream/handle/10222/79217/YAhotline_98_4.pdf?sequence=1 , 09.03.2022
3. Clay, V. S. (1976). Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022
4. Crna ptica, http://knjigoskop.com/crna-ptica/, 09.03.2022
5. Kliman, G. (1968). *Psychological emergencies of childhood*, Greene and Stratton, New York.
6. Menes, J., (1971). *Children's Reactions to the Death of a Parent: A Review of the Psychoanalytic Literature*. Journal of the American Psychoanalytic Association,19():697-719, https://pep-web.org/browse/document/apa.019.0697a?page=P0714, accessed 06.02.2022
7. Romero, C. (1976). Children, Death and Literature, Language Arts, Vol. 53, No. 6 (September 1976), pp. 674-678. https://www.jstor.org/stable/41404238, 12.03.2022
8. Sasser, T.M. (2008). *Advent of Denial of Death in Children's Literature*, Georgia Southern University. Electronic Theses & Dissertations. Paper 166. http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd , accessed on 07.02.2022
9. Stephens, J. and McCallum, R. (2001). There Are Worse Things Than Ghosts: Reworking Horror Chronotopes in Australian Children’s Fiction, Book: Mystery in Children's Literature, https://www.researchgate.net/publication/305232186, 10.03.2022.
10. Todorov, C. (1987). Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd.
11. Јовановиќ, А. (2021). Црната птица, Арс Ламина – публикации, Либи, Скопје.
12. Романот за деца „Црната птица“ од Александра Јовановиќ се најде на престижната книжевна листа „The White Ravens“, https://blog.literatura.mk/2021/10/13/crnata-ptica-na-listata-na-the-white-ravens-2021/, 07.03.2022
13. Ќорвезировска, О. (2021). Поговор „Многуте лица на детската болка“, Црната птица, Арс Ламина –публикации, Либи, Скопје, 2021.